

КАРПОШ

неделен

Е - БИЛТЕН



ОПШТИНА КАРПОШ НЕДЕЛЕН Е - БИЛТЕН
ИЗГОТВУВА: СЕКТОР ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТ И ИНФОРМАЦИЈА НА ГРАЃАНИТЕ
20 - 26 октомври 2026 Билтен бр. 657

ЈАВЕН ПОВИК ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ НА ЗАИНТЕРЕСИРАНИ ЛИЦА ЗА ЧЛЕНУВАЊЕ ВО СОВЕТ ЗА ПОДДРШКА НА ЖЕНСКОТО ПРЕТПРИЕМНИШТВО НА ОПШТИНА КАРПОШ

ЈАВЕН ПОВИК за пријавување на заинтересирани лица за членување во Совет за поддршка на женското претприемништво на Општина Карпош

Линк до повикот ----- https://shorturl.at/4s0wA



ЕДУКАЦИЈА И ПОДИГНУВАЊЕ НА СВЕСТА ЗА ОСТЕОПОРОЗАТА ВО ОПШТИНА КАРПОШ

Учениците од втора и четврта година од СУГС „Д-р Панче Караѓозов", во просториите на Општина Карпош, одржаа едукативно предавање за остеопороза, наменето за вработените во Општината.

Предавањето беше дел од нивната наставна активност, преку која учениците имаа можност стекнатото знаење да го споделат и да придонесат кон подигнување на свеста за важноста на превенцијата и навременото препознавање на ова заболување, како и правилното постапување во различни ситуации.

Остеопорозата е заболување при кое коските ја губат својата густина и цврстина, стануваат кревки и поподложни на скршеници. Често се развива и без јасни симптоми, порадо што редовната грижа за здравјето на коските и навремените лекарски контроли се од особено значење. Остеопорозата се смета за водечки здравствен проблем поврзан со стареењето и токму затоа од голема важност се превентивните мерки.

Во таа насока, средношколците презентираа корисни информации за факторите за ризик, важноста од балансирана исхрана богата со калциум и витамин Д, редовна физичка активност и здрави животни навики.



РАБОТНА СРЕДБА ЗА ИНФРАСТРУКТУРНИТЕ ПРИОРИТЕТИ НА КАРПОШ

Градоначалникот на Општина Карпош, Сотир Лукровски, денеска оствари работна средба со заменик-претседателот на Владата и министер за транспорт, Александар Николоски, на која беа разгледани тековните инфраструктурни проекти и можностите за нови инвестиции во интерес на граѓаните.

Владината поддршка за Општина Карпош изнесува околу 11 милиони евра, преку двата активни повици за капитални проекти, од кои околу 5,5 милиони евра се реализираат директно преку Министерството за транспорт.

Во рамки на новиот инвестициски циклус, предвидена е поддршка за уредување плоштади, изградба и реконструкција на улици, атмосферска и фекална канализација, како и унапредување на јавниот простор согласно потребите на граѓаните.
Посебно внимание беше посветено на плочникот на плоштадот „Порта Влае“, за кој ќе се изработи проект, по што ќе следува негово уредување и ревитализација.

На средбата се разговараше и за санација на свлечиштата во деловите околу Козле, Трнодол и Жданец. Во тек е изработка на стручни проекти од страна на Градежниот факултет, по што Општината и Министерството за транспорт заеднички ќе пристапат кон реализација на потребните мерки.



ПАТОТ ДО УСПЕХОТ НА ЖЕНИТЕ ЛИДЕРКИ Е ИСПОЛНЕТ СО ТРУД И ПРЕДИЗВИЦИ

Во просториите на Општина Карпош денеска се одржа панел-дискусија на тема „Жените во лидерството и претприемништвото“, реализирана од искусни тренери за бизнис-едукација од Know How Training Provider. Во првиот дел од дискусијата, Павле Зимбаков ја презентираше актуелната состојба на жените на пазарот на трудот, осврнувајќи се на податоците за вработеноста, невработеноста, застапеноста во различни сектори и висината на платите. Модераторот Љупчо Велковски ја истакна важноста на стратегијата, доброто планирање и ефикасниот менаџмент како клучни предуслови за развој на успешен бизнис.

Посебно внимание привлекоа искуствата на Елена Виларова-Велковска, Ана Исаиева и Марина Топковска, кои ги споделија своите кариерни приказни, професионалните предизвици и пресвртните моменти што го одбележале нивниот развој како успешни менаџерки и претприемачки. Нивните искуства ја истакнаа важноста на истрајноста, самодовербата, континуираното учење и храброста за преземање нови чекори.

Во втората панел-дискусија, под модераторство на Љупчо Велковски, учествуваа Јасмина Илиевска, Елена Виларова-Велковска, Ана Исаиева, Павле Зимбаков, Магдалена Спасовска и Билјана Караманолевска. Преку своите професионални искуства и различни перспективи, панелистите разговараа за можностите за развој на женското претприемништво, значењето на лидерските вештини и потребата од создавање поддржувачка деловна средина.



УРБАНИТЕ ЗАЕДНИЦИ – ПРВАТА ВРСКА МЕЃУ ГРАЃАНИТЕ И ОПШТИНА КАРПОШ

Градоначалникот Сотир Лукровски одржа средба со вработените во урбаните заедници на Општина Карпош, на која се разговараше за нивното секојдневно работење, надлежностите и можностите за унапредување на комуникацијата со граѓаните.

На средбата беше истакната важноста на урбаните заедници како прва точка на контакт со граѓаните, преку која нивните потреби, барања и проблеми навремено се евидентираат и се проследуваат до надлежните општински служби.
Општина Карпош ја остварува непосредната комуникација со граѓаните преку своите 14 урбани заедници, кои претставуваат значајна алка во секојдневното функционирање на Општината.

Вработените во урбаните заедници се секојдневно во директна комуникација со граѓаните, со цел навремено да ги препознаат нивните потреби и да придонесат за поефикасно решавање на проблемите.
Во секојдневната работа тие:
– ги евидентираат и проследуваат барањата и проблемите на граѓаните;
– ја следат состојбата со хигиената на јавните површини и пријавуваат неправилности;
– ги регистрираат и проследуваат пријавите поврзани со уличното осветлување;
– во соработка со Одделението за даноци им помагаат на граѓаните при подигнување на решенијата за данок на имот;
– дистрибуираат информативни материјали за активностите, услугите, проектите и програмите на Општина Карпош;
– организираат и учествуваат на средби со граѓаните, слушајќи ги нивните предлози и иницијативи;



СРЕДБА СО ЖИТЕЛИТЕ НА ЗЛОКУЌАНИ – МАПИРАНИ ПРОБЛЕМИ, СЛЕДУВААТ КОНКРЕТНИ МЕРКИ

Градоначалникот Сотир Лукровски, заедно со претставници од општинската инспекциска служба и Полициската станица Карпош, вчера попладне одржа средба со жителите на Злокуќани.

Средбата предизвика голем интерес кај локалното население, кое отворено ги посочи проблемите со кои секојдневно се соочува. Меѓу главните предизвици беа истакнати загадувањето, дивите депонии, како и недоличното и неприфатливо однесување на одредена група жители, што го отежнува секојдневното функционирање во населбата.

Претставниците на инспекциските служби ги мапираа клучните проблеми, со цел да се утврдат можните начини за нивно решавање. Градоначалникот Лукровски најави дека во најскоро време ќе биде организирана нова средба со жителите, на која ќе се разговара за конкретни мерки и можни решенија.

Во директна комуникација со граѓаните до конкретни решенија за подобар живот во Злокуќани!



„ЕДНО ШИШЕ – ДВА ПОЕНИ“ – ЕКОАКЦИЈА ВО ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА ВО КАРПОШ

„Пакомак“ ја претстави новата еколошка иницијатива „Едно шише – два поени“, која ќе се реализира во основните училишта на територијата на Општина Карпош, со цел поттикнување на еколошката свест и правилното селектирање на отпадот.

Преку натпревар и тимска работа, учениците ќе развиваат еколошки навики и ќе учат за важноста на рециклирањето.
За секое пластично шише одложено во вендинг-машините на „Пакомак“, поставени во поголемите супермаркети, ќе се донира дополнителен поен за одделението.
На крајот од учебната година ќе бидат прогласени најеколошките одделенија, кои ќе добијат симболични награди за својот труд и придонес.
Секое шише има вредност – кога ќе заврши на вистинското место!



ОБУКА ЗА ПРВА ПОМОШ И КОРИСТЕЊЕ ДЕФИБРИЛАТОР ЗА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ОПШТИНА КАРПОШ

Во просториите на Општина Карпош се одржа еднодневна обука за давање прва помош и правилно користење дефибрилатор, наменета за членовите на просторната единица за заштита и спасување при Општината.

Обуката ја спроведоа стручни екипи на Црвениот крст, кои преку теоретски и практични насоки ги обучуваа учесниците за постапување во итни ситуации и навремено реагирање при животозагрозувачки состојби.

Посебен акцент беше ставен на користењето на дефибрилаторот – медицински уред кој при одредени опасни срцеви аритмии и срцев застој овозможува примена на електричен шок со цел да се воспостави нормален срцев ритам.

Обуката е дел од активностите на Одделението за заштита и спасување во Општина Карпош, насочени кон зајакнување на капацитетите, знаењата и подготвеноста за навремено и соодветно постапување во итни ситуации.

Општина Карпош континуирано вложува во превенција, заштита и спасување, преку проекти, активности и обуки со кои се унапредуваат капацитетите и се создава побезбедна средина за сите граѓани.



„ИСКУСТВО VS. МЛАДОСТ“ – ОДБОЈКАРСКИ СПЕКТАКЛ СО ХУМАНИТАРНА МИСИЈА

По иницијатива на градоначалникот на Општина Карпош, Сотир Лукровски, и поранешните ученици на ООУ „Иван Горан Ковачиќ“ – Даниела Штерјова, Даница Леонидова, Игор Атанасоски (Гуру Харе), Петар Ренџов (Пепи) и Арсо Јаневски (Раста), по повод патрониот празник на ООУ „Петар Поп Арсов“, се одржа голем хуманитарен настан исполнет со спорт, музика и позитивна енергија.

Во центарот на настанот беше ревијалниот натпревар „Искуство vs. Младост“, на кој се сретнаа професорките – поранешни македонски репрезентативки и повеќекратни шампионки, и нивните ученички – млади и талентирани одбојкарки.

Најважниот победник беше хуманоста.

Средствата собрани од настанот ќе бидат наменети за обнова на надворешното одбојкарско игралиште во ООУ „Петар Поп Арсов“, со што учениците ќе добијат подобри услови за спорт и активен живот.



“ОД ИГК СО ЉУБОВ ЗА ППА“

Патронатот на ООУ „Петар Поп Арсов“ годинава беше одбележан во духот на хуманоста, сплотеноста и љубовта што ги поврзува генерациите.
На иницијатива на градоначалникот на Општина Карпош, Сотир Лукровски, и поранешни ученици од некогашното ООУ „Иван Горан Ковачиќ“, патронатот беше одбележан со посебен хуманитарен музички настан под мотото „Од ИГК со љубов за ППА“, кој покажа дека училиштето е простор во кој се создаваат пријателства, се градат спомени и се негува чувството на припадност.

За одличната атмосфера се погрижија неколку поранешни ученици на училиштето, кои денес се докажани музичари, меѓу кои Мартина Христовска, Гуру Харе, Петар Ренџов – Пепи и други музички имиња.
Посебна убавина на настанот му даде присуството на поранешните ученици и наставници, кои со љубов се вратија во своето училиште, повторно да се сретнат со старите пријатели и ученици, да споделат спомени и да бидат дел од една благородна иницијатива.
Постарите генерации со своето присуство и поддршка застанаа зад новите и идните генерации, обединети околу заедничката желба да придонесат за подобри услови за растење, развој и образование на младите.
Со музика, насмевки, искрени средби и големо срце, патронатот на ООУ „Петар Поп Арсов“ испрати порака дека заедништвото е најголемата сила, а хуманоста е вредност што треба да се негува.



МЛАДИНСКИ ЦЕНТАР КАРПОШ – ПРИМЕР ЗА РЕГИОНАЛНА СОРАБОТКА

Во Младинскиот центар Карпош, се одржа работна средба меѓу претставници на Општина Карпош и делегација учесници на Регионалниот форум „Локално лидерство – унапредување на Агендата за млади, мир и безбедност на Западен Балкан“.

На средбата беше презентирана работата, условите и активностите на Младинскиот центар Карпош, кој само кратко време по своето отворање веќе побудува интерес и внимание во регионот, како пример за развој на локални младински политики и создавање простор за активно учество на младите.
Форумот е организиран од Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП) и Мрежата на асоцијации на локални власти од Југоисточна Европа (НАЛАС), со учество на повеќе од 70 претставници од регионот.

Посетата овозможи размена на искуства и добри практики, запознавање со начинот на функционирање на Центарот, неговите услуги и активности, како и со процесот на неговото формирање и партнерската соработка со граѓанскиот сектор.



УСВОЕН КВАРТАЛНИОТ ИЗВЕШТАЈ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНАТА ЗА 2026 ГОДИНА

Во рамки на 19. седница на Советот на Општина Карпош, советниците ги разгледуваа и полноправно одлучуваа по 17 точки кои се најдоа на денешниот дневен ред. Во таа насока, Општинскиот Совет го усвои Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Карпош за третиот квартал за 2026 година. Според образложението, во колоната – План се прикажани вкупните приходи планирани со Буџетот за 2026 година во износ од 2.216.812.599 денари, додека пак во колоната – Реализирано се прикажани реализираните приходи за третиот квартал во износ од 1.123.678.929 денари. Оттука, во Буџетот на Општината се планирани приходите во износ од 1.377.715.599 денари, при што е остварена реализација на приходите за вториот квартал во висина од 548.496.348 денари.

Со поддршка на Советот ќе се измени Одлуката за давање согласност за изготвување на физибилити студија, за утврдување на извори на техничка вода на подрачјето на општина Карпош. Имено, измената се однесува на член 2, од оваа Одлука, каде во став 2 се наведува дека: „При изработката на студијата ќе се користат претходно изработени хидрогеографски мапи, анализи и истражувања за подрачјето на општина Карпош, вклучително и документација изработена од релевантни институции и субјекти“. Инаку, изработката на физибилити студијата треба да утврди дали постојат можни извори на техничка вода на подрачјето на локалната самоуправа, која би користела за полевање на јавните зелени површини, за чистење на улици, за одржување на јавната хигиена, како и за други комунални потреби од надлежност на Општината. За таа намена се предвидуваат финансиски средства во висина од 900.000 денари, кои ќе бидат обезбедени од Буџетот на Општина Карпош за 2026 година.

Советниците ја изгласаа Предлог – Одлуката за доделување признание за долгогодишна соработка и партнерство, во интерес на граѓаните на Општина Карпош, на Бригадата за противпожарна заштита – пункт Тафталиџе. Имено, по повод одбележувањето на 50-годишнината од формирањето на Општина Карпош, се доделува ова признание за исклучителниот придонес во заштитата и спасувањето на животот и здравјето на граѓаните, нивниот имот и животната средина, справувањето со пожари, елементарни непогоди и други несреќи, како и за покажаната пожртвуваност, храброст и професионалност при извршувањето на службените задачи. По тој повод, Општина Карпош ќе додели и парична награда од 20.000 денари, на еден истакнат пожарникар од гореспоменатата противпожарна Бригада. Оваа индивидуална награда се доделува за исклучителниот придонес во заштитата и спасувањето на животот и здравјето на граѓаните, нивниот имот и животната средина, справувањето со пожари и други елементарни непогоди и несреќи, како и за покажаната пожртвуваност, храброст и професионалност при извршувањето на работните задачи.

По повод одбележување на 50 годишниот јубилеј од постоење на Општина Карпош, локалната самоуправа ќе им додели признание на ЈЗУ „Здравствен дом Скопје“ – итна медицинска помош, за долгогодишната успешна соработка и партнерство со Општина Карпош, како и за значајниот придонес во заштитата на животот и здравјето на граѓаните, преку навремено, стручно и професионално укажување итна медицинска помош. Локалната самоуправа ќе додели и парична награда во висина од 20.000 денари за еден истакнат здравствен работник од итната медицинска помош. Општината ја доделува оваа награда на здравствениот работник, за неговиот исклучителен придонес во заштитата и унапредувањето на животот и здравјето на граѓаните, укажувањето итна медицинска помош, навременото и професионално постапување во итни медицински состојби, како и за покажаната хуманост, пожртвуваност, стручност и професионалност при извршувањето на работните задачи.

Со истата динамика, Советот ја поддржа и Предлог – Одлуката за доделување признание за долгогодишна соработка и партнерство, во интерес на граѓаните на Општина Карпош, на Полициска станица од општа надлежност – Карпош. Признанието ќе го додели градоначалникот Сотир Лукровски, во рамки на Свечената академија која ќе се организира по повод одбележувањето на 50-годишнината од формирањето на Општина Карпош. По тој повод, Општина Карпош ќе додели и парична награда во висина од 20.000 денари, на еден полициски службеник од Полициската станица – Карпош, за неговиот придонес во непречено обезбедување на јавен ред и мир, заштита на животот, личната сигурност и имотот на граѓаните, спречување во вршење криминални дела и прекршоци.

Советниците ја поддржаа и Одлуката, со која Општина Карпош ќе додели парична награда во висина од 10.000 денари, на едно вработено лице во локалната самоуправа, како признание за неговата постојана и силна посветеност и за неговиот дополнителен труд насочен кон одржување на чистотата и хигиената во општината.

Со одлука на Советот, локалната самоуправа по повод 50 – годишнината од своето основање ќе додели Плакети за заслужни граѓани на општина Карпош за 2026 година, кои со својата работа, професионален ангажман, остварувања и придонес во различни области дале значаен придонес за развојот и афирмацијата на општината во која живеат. Прогласувањето на заслужни граѓани претставува израз на почит и благодарност за нивниот придонес во унапредувањето на локалната заедница и поттик за негување на вредностите на посветеност, солидарност и општествена одговорност. Широк консензус од советниците доби и Предлог – Одлуката за давање согласност за објавување Јавен оглас, за пријавување на заинтересирани лица за членување во Партиципативното тело на Општина Карпош, во областа на урбанизмот.

Постапката за избор на членови во Партиципативното тело во областа на урбанизмот ќе ја спроведе тричлена Комисија формирана од страна на градоначалникот на Општина Карпош, Сотир Лукровски. На јавниот оглас можат да учествуваат сите заинтересирани физички лица, претставници на невладините организации од различните сегменити на урбаниот живот, здруженија на граѓани и граѓански активисти од подрачјето на Општина Карпош. Огласот за пријавување ќе трае 30 дена од денот на објава на официјалната веб страница на Општина Карпош и во писмена форма со излагање на огласот на јавно место.

Инаку, формирањето на ова тело претставува законска и статутарна обврска на Општината, со цел обезбедување учество на граѓаните и стручната јавност во процесот на урбанистичкото планирање. Советниците дадоа „зелено светло“ за измените и дополнувањата на Решенијата за именување на претседатели и членови на три комисии, кои функционираат во рамки на Советот на Општина Карпош. Станува збор за Комисијата за заштита на животната средина и природата (односно, екологија и енергетска ефикасност), Комисијата за култура, како и Комисијата за негување и чување на традициите на македонскиот народ и македонската држава и заштита на историските споменици и спомен обележја. Со поддршка на Советот беше усвоено и Решението за изменување и дополнување на Решението, за именување-верификација на членови од редот на Советот на Општина Карпош, за формирање на Комисија за доделување на еднократна парична помош (лекување и социјален ризик) за 2026 година. Во рамки на денешната седница беше изгласана и дополнителната точка која се најде на дневниот ред пред советниците од Карпош. Станува збор за Заклучокот за усвојување на Информација, во однос на Извештајот за оценка на перформансите на јавните расходи и финансиската одговорност (Public Expenditure And Financial Accountability – PEFA). Извештајот го презентираше претставник од Здружението за финансиски работници Велес, а истиот го изработија службите од Министерство за локална самоуправа, Швајцарска агенција за развој и соработка, УНДП и Здружението за финансиски работници Велес. Инаку, во однос на активностите за подготовка на ПЕФА Проценката, Општина Карпош оствари соработка со надлежните претставници и достави соодветни информации и документација потребни за подготовка на извештајот. Тековната проценка се однесува на периодот 2023–2025 година, а во извештајот се прави и споредба со резултатите од претходната PEFA проценка за Општина Карпош за периодот 2019–2021 година. Според најновиот Извештај (за период 2023-2025 година), се забележува подобрување на вкупната оценка на повеќе индикатори, кои се анализирани во однос на претходната и сегашната проценка. Имено, овие резултати укажуваат дека во периодот 2023–2025 година, Општина Карпош бележи видлив напредок во повеќе области на јавниот финансиски менаџмент, но дека остануваат прашања кои бараат понатамошно институционално внимание, особено во делот на надворешната ревизија, следењето на ревизорските препораки и одржувањето на постигнатите резултати во буџетското планирање и известување. Воедно, со доставувањето на оваа проценка се создава можност за запознавање со утврдените наоди, оценките и препораките што произлегуваат од анализата на управувањето со јавните финансии во општината.

ЕДУКАТИВНА СЛИКОВНИЦА „ПЧЕЛКИТЕ НА ХАЗАЛ“ ЗА МАЛИТЕ ЧУВАРИ НА ПРИРОДАТА

На плоштадот „Млечен“, беше промовирана едукативната сликовница „Пчелките на Хазал“, на македонски и англиски јазик, чија авторка е Мери Узуновска.
На промоцијата присуствуваше и градоначалникот на Општина Карпош, Сотир Лукровски, кој ја истакна важноста на поддршката на културата и проектите наменети за најмладите.

Потребни се што повеќе вакви сликовници кои ќе ја поттикнуваат детската фантазија, љубовта кон читањето и учењето, ќе ги анимираат најмладите и ќе им помогнат да растат со вистински вредности.
Преку интересна приказна и прекрасни илустрации, децата учат за важноста на пчелите и заштитата на природата.
Проектот е финансиски поддржан од Општина Карпош, а дел од сликовниците ќе бидат донирани во градинките и училиштата, каде што ќе се организира и едукативна работилница.
Со поддршка на културата и детската креативност, инвестираме во иднината на нашите најмлади!



ЕВАКУАЦИОНА ВЕЖБА СО СИМУЛАЦИЈА НА ПОЖАР ВО ООУ „ЈАН АМОС КОМЕНСКИ“

Во ООУ „Јан Амос Коменски“ се одржа показна евакуациона вежба со симулација на пожар, реализирана од Одделението за заштита и спасување при Општина Карпош, во соработка со претставници на Црвениот крст – Карпош.

Целта на вежбата беше учениците и наставниот кадар да се запознаат со правилните постапки за безбедна евакуација и навремена реакција во случај на пожар.

Општина Карпош континуирано вложува во унапредување на безбедноста преку превентивни активности, едукација и јакнење на подготвеноста за справување со ризици.



ДЕЦАТА ОД „ХРИСТИЈАН ТОДОРОВСКИ КАРПОШ“ ВО ПОСЕТА НА ПРИРОДОНАУЧНИОТ МУЗЕЈ ПО ПОВОД 100-ГОДИШНИОТ ЈУБИЛЕЈ

Природонаучниот музеј на Република Северна Македонија одбележува 100 години постоење, век исполнет со посветеност на науката, образованието и зачувувањето на природното наследство.

По повод големиот јубилеј, петтоодделенците од ООУ „Христијан Тодоровски Карпош“, заедно со градоначалникот на Општина Карпош, Сотир Лукровски, го посетија музејот и имаа можност преку интерактивна и практична настава да се запознаат со богатото природно наследство на нашата земја.

Градоначалникот Лукровски истакна дека учењето не треба да се одвива само во училишните клупи, туку и преку непосредно искуство, истражување и запознавање со природата и културно-научното наследство.

„Нашите деца се идните чувари на природата. Затоа е важно уште од најмала возраст да им овозможиме знаење, искуство и љубов кон животната средина“, посочи градоначалникот. Посетата се реализира во рамки на Меморандумот за соработка меѓу Општина Карпош и Природонаучниот музеј, чија цел е унапредување на образовниот процес и создавање повеќе можности за практична и интерактивна настава.

